USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА



Раду Флореа

Кристина Хаџи-Василева
Рамчо Кундевски
Виктор Мирчевски

# Проект за образование на Роми
## ИЗВЕШТАЈ ОД ЕВАЛУАЦИЈАТА НА УЧИНОКОТ



**Раду Флореа**
Кристина Хаџи-Василева
Рамчо Кундевски
Виктор Мирчевски

# Проект за образование на Роми

## ИЗВЕШТАЈ ОД ЕВАЛУАЦИЈАТА НА УЧИНОКОТ

**Скопје, мај-август 2013 год.**

**Издавач:**
Фондација Отворено општество-Македонија

**За издавачот:**
Владимир Милчин

**Автори:**
Раду Флореа
Кристина Хаџи-Василева
Виктор Мирчевски

**Превод и лектура:**
Абакус

**Тираж:**
100 примероци

**Бесплатен/некомерцијален тираж**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

37.043.1-054(=214.58:497.7)(047)

ПРОЕКТ за образование на Роми : извештај од евалуација на учинокот / Раду Флореа ... [и др.]. - Скопје : Фондација отворено општество - Македонија, 2014. - 48, 44 стр. : граф. прикази ; 20x20 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Roma education project :
performance evaluation / Radu Florea. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-218-194-3
1. Флореа, Раду [автор]
а) Роми во Македонија - Образовни методи - Извештаи COBISS.MK-ID 95452682

Овој извештај е овозможен со поддршката на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамки на Проектот за образование на Роми.

Мислењата изразени во оваа публикација им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# СОДРЖИНА


**Поимник** **4**

1. **ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** **7**

2. **ГЛАВНИ НАОДИ** **14**

**2.1.** Каква разлика направи Проектот во животот на корисниците? 14

**2.2.** Кои аспекти од Проектот имаа најголемо влијание врз корисниците и зошто? 19

**2.3.** Перцепцијата за родовите прашања 25

**2.4.** Приказната на Фетија: Надминување на стереотипите за ромските девојки 27

**2.5.** Родителите Роми и нивните деца 28

**2.6.** Проектот за образование на Роми: Гласот на корисниците 31

**2.7.** Запознајте ги родителите: Фокус група со родителите на учениците Роми 34

3. **ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** **37**

4. **КЛУЧНИ НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ** **43**

# ПОИМНИК

| | |
|---|---|
| **ПОР** | Проект за образование на Ромите |
| **РОЦ** | Ромски образовен центар |
| **ЧПКМ** | Методика „со читање и пишување до критичко мислење“ |
| **УСАИД** | Агенција на САД за меѓународен развој |
| **ФООМ** | Фондација отворено општество – Македонија |
| **РОМАВЕРЗИТАС** | Универзитетска компонента на Проектот за образование на Роми |

# БЛАГОДАРНОСТ

Тимот на Проектот за образование за Роми ја изразува својата благодарност до сите кои одвоија дел од своето време и учествуваа во завршната евалуација на Проектот. Без нивните оценки, мислења, ставови и препораки, изготвувањето на извештајот во ваква форма немаше да биде можно.

Голема благодарност до директорите, до претставниците на педагошко-психолошките служби и до наставниците од проектните училишта за нивните искрени видувања за ефектите на Проектот врз успехот на учениците, но и за неговото влијание врз училишните политики и практики. На наставниците / ментори од средните училишта им ја изразуваме нашата благодарност затоа што и покрај фактот што компонентата на проектот во кој тие учествуваа е завршена уште пред неколку години, ја прифатија поканата и ги споделија нивните искуства од неговата реализација и нивните мислења за неговите ефекти.

Огромна благодарност до сите корисници на Проектот (ученици, студенти и родители) за споделувањето на нивните искуства за влијанието на Проектот врз нивното образование и кариера, но и за нивната оценка за ефектите на Проектот врз образовните политики и врз подобрувањето на образовниот статус на Ромите во Македонија.

Благодарност до претставниците на донаторот, Управата за унапредување и развој на образованието на јазиците на заедниците и до партнерските организации за нивните опсервации и идеи за продолжување на активностите во иднина.

На господин Раду Флореа и на неговиот тим сакаме да им оддадеме признание за високиот професионализам и посветеност во спроведувањето на евалуацијата и во изготвувањето на овој извештај.

Се надеваме дека овој извештај ќе им послужи на сите креатори на образовните политики, на донаторите и на невладините организации и дека многу од научените лекции и препораки ќе бидат земени предвид при утврдувањето на идните политики и при дизајнирањето на идните проекти насочени кон подобрување на образованието на Ромите.

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Проектот за образование на Роми (ПОР) на УСАИД, кој го спроведува Фондацијата Отворено општество – Македонија (ФООМ), е иницијатива поддржана со 4,5 милиони долари која работи во ромските заедници за да ја зголеми свеста за важноста на образованието и годишно им помага на повеќе од 1.500 ученици и студенти Роми да го подобрат нивниот успех на училиште и да го завршат образованието. Тековните проектни активности се фокусираат на работа со ученици на предучилишна и училишна возраст (основно образование). Во претходните години, Проектот работел и со средношколци и со студенти преку обезбедување стипендии, менторство и друга академска поддршка.

Во периодот 2004–2009 година, Проектот за образование на Роми обезбеди стипендии и менторство за 364 средношколци и за 135 студенти. Проектот, исто така, обезбеди обука за 400 наставници од осум основни училишта на теми како што се: интерактивни наставни методи, интеркултурно образование, справување со различностите и промоција на социјалната правда.

Во периодот 2004–2010 година, ПОР во партнерство со пет ромски образовни центри (РОЦ) - два во Скопје, два во Куманово и еден во Прилеп, обезбеди туторство и вонучилишна помош за пишување домашни задачи за 900 ученици од 1 до 9 одделение. Во истиот период, Проектот ги искористи обучувачите од Фондацијата Чекор по чекор за испорака на обука за наставниците. Од 2011 година, бројот на центрите се намали на четири (РОЦ Сончогледи бил затворен). Во исто време, збогатено е портфолиото за обука за наставниците и зголемен е бројот на обучувачи за да се зајакнат капацитетите на проектните училишта во врска со наставните методи, кои во центарот го ставаат детето, да се збогатат наставните содржини и годишните програми на училиштата и да се воведат материјали што промовираат културни различности и надминување на предрасудите. Од 2004 година до крајот на 2012 година, Проектот обезбеди обука за 453 наставници од основните училишта.

За да промовираат поголема свест за различните култури и интеркултурната толеранција, партнерските училиштата спроведоа голем број активности кои ги зближуваат децата од различните етнички заедници (Македонци, Роми, Срби, Албанци итн.).

ПОР има холистички приод кон подобрувањето на предучилишното и на основното образование на учениците Роми. Проектот ги зема предвид негативните фактори во училиштата и надвор од нив и се обидува да ја промени образовната

средина на повеќе нивоа. Тоа подразбира и промена на ставовите, не само на учениците туку и на наставниците, училишните служби и на ромската заедница. За да го постигне тоа, Проектот  користи методи кои во центарот го ставаат детето, прави напори да ги вклучи родителите, обезбедува неформална вон-училишна поддршка за учениците преку РОЦ и спроведува обука за надминување на предрасудите и подобрување на начинот на работа во училиштата. Проектот, исто така, поттикнува дополнителни напори од различни засегнати страни, вклучувајќи ги: училиштата, локалната и централната власт и локалните ромски невладини организации.

Проектниот документ за ПОР предвидува четири компоненти: предучилишно и основно образование (кои се спроведуваат од почетокот на Проектот до денес), средно и високо образование (кои се спроведуваа од почетокот на Проектот до 2010 година).

Следејќи ги потребите на корисниците и на засегнатите страни и приспособувајќи ги сопствените активности, Проектот за образование на Роми успешно го прошири своето влијание на неколку нивоа, односно, во последните три години од неговото спроведување, повторно е воведена обука за наставниците, и тоа, врз основа на резултатите од проценката на потребите за обука на наставниците спроведена во седум основни училишта кои се партнери на Проектот.

Освен тоа, Проектот ја зел предвид и потребата за поголемо вклучување на родителите Роми во насока на поголема одржливост на проектните резултати и соодветно реагирал на оваа потреба преку зголемување на активностите кои ги вклучуваат и ги поддржуваат родителите.

РОЦ работат со ученици од сите возрасти. Посебен акцент е ставен на предучилишното образование за да се подготват подобро децата за запишување во основното образование. На ова ниво, центрите се фокусираат на подобрување на: јазичните вештини, основните знаења од математика, социјалните вештини, мотивацијата за учење и личната хигиена.

Во своите заложби и во соработка со локалните училишта, центрите не се обидуваат да ги вклучат само децата Роми туку и нивните родители и заедницата во целина. Активностите наменети за родителите вклучуваат едукативни работилници на различни теми и состаноци на кои тие дискутираат за важноста на образованието, редовноста во училиште и развојот на детето.

Основните училишта, кои учествуваат во ПОР, промовираат интеграција и образование на Ромите преку обука на наставници и преку обука за организациски развој. Оваа заложба, исто така, вклучува обука за надминување на стереотипите за наставниците со примена на програмата „чекор по чекор“ и на методиката „со читање и пишување до критичко мислење“. Ромските образовни центри обезбедуваат стимулирачки и образовни вонучилишни активности кои имаат за цел да ја подобрат стапката на задржување во училиште и да ја зголемат компетентноста на учениците Роми од основните училишта. Клучните услуги и активности за учениците од основно образование што ги обезбедуваат овие центри вклучуваат: подучување, подготовка за тестови, помош за пишување домашни задачи и креативни работилници.

Сеопфатниот приод на проектот базиран во заедницата обезбеди извонредни резултати:

- **со помош на Проектот, повеќе од 90% од децата на предучилишна возраст се запишале во прво одделение, и повеќе од 94% од проектните ученици во основно образование успешно ја завршиле учебната година;**
- **298 средношколци, кои се корисници на стипендии, успешно го завршиле средното образование; Министерството за образование и наука на Република Македонија го препознало успехот на моделот за стипендирање / менторство и од 2009 година обезбедува стипендии за средношколците Роми;**
- **од 2004 година, 92 стипендисти стекнале универзитетски дипломи, а најголемиот дел од нив сега се вработени во јавната администрација, училиштата, НВО и се силни застапувачи за инклузија на Ромите и активни учесници во ромските заедници;**
- **постои поголема свест меѓу родителите за важноста на образованието во обезбедувањето подобра иднина за нивните деца и многу од нив сега активно учествуваат во училишни активности и се членови на родителските совети и на училишните одбори.**

Треба да се забележи и значајниот придонес на Ромаверзитас во зајакнувањето на универзитетското образование кај ромската популација. Заложбите на Ромаверзитас ги подобрија статусот и постигнувањата на студентите Роми, надоместувајќи за ограничените напори на владините тела за решавање на овие прашања. Мнозинството студенти Роми, кои се корисници на Проектот, успешно напредувале во нивните студии и ги постигнале очекуваните стандарди во

високото образование. Постигнувањата на Ромаверзитас се уште повпечатливи ако се знае дека во последниве години, универзитетската компонента на Проектот за образование на Роми продолжи да се спроведува само со поддршка од Фондацијата Отворено општество - Македонија и од Ромскиот образовен фонд.

Истражувачката методологија за подготовка на Извештајот од евалуацијата беше дизајнирана за да ги опфати сите проектни задачи поврзани со проценката на влијанието што проектните активности го имаат врз корисниците. Овој Извештај од евалуацијата е организиран за да одговори на трите главни прашања:

> Каква разлика направи Проектот во животот на корисниците?
>
> Кои аспекти од Проектот имаа најголемо влијание врз корисниците и зошто?
>
> Кои се клучните активности и интервенции што треба да продолжат и која е улогата на сите засегнати страни во овие заложби?

Првите две прашања се опфатени во поглавје 2, Главни наоди, додека, пак, третото прашање е обработено во поглавје 3, Заклучоци и препораки.

Извештајот, исто така, ги резимира научените лекции и обезбедува дополнителни гледишта како оваа иницијатива може да продолжи и да го подобри нејзиниот учинок преку потенцијалните идни интервенции.

Истражувањето беше спроведено на повеќе локации каде се имплементираат проектните активности (Скопје, Куманово и Прилеп) и се базира на квантитативни и квалитативни податоци собрани преку следниве алатки:

- **канцелариско истражување (анализа на секундарни податоци) – внимателна анализа на постојната проектна документација и на релевантните извештаи;**
- **индивидуални, длабински интервјуа направени за време на теренските посети на избрани локации со одреден број клучни информатори / чинители, како што се: директори на училишта и претставници на психолошко-педагошките служби, претставници на ромските образовни центри (менаџери и едукатори), проектниот персонал на УСАИД и ФООМ и други засегнати страни;**
- **дискусии во фокус групи со: родители на деца во предучилишно и основно образование вклучени во Проектот, наставници од основните училишта, ментори од средните училишта, средношколци и матуранти кои се стипендисти на Проектот и со студентите;**

- **соодветни прашалници во електронска форма (преку електронска пошта) беа доставени до наставниците од проектните основни училишта; онлајн прашалници беа дизајнирани за средношколците и за матурантите, како и за студентите корисници на Проектот (освен за оние кои веќе учествувале во фокус групите).**

Клучниот заклучок на овој Извештај од евалуацијата е дека Проектот за образование на Роми е непроценливо искуство преку кое се постигнати извонредни резултати и дека има одличен потенцијал за продолжување и за реплицирање. Проектот ги постигнал поставените цели, проектните активности биле поддржани со солиден буџет, и бил применет  соодветен приод во работата, а проектните активности опфатиле цели генерации. Ваков сложен и амбициозен проект нуди многу потенцијални лекции кои може да се извлечат за следната фаза и може да обезбедат уште поголем опфат и обем, надоврзувајќи се на импресивното влијание и на одржливите резултати.

Активностите на Проектот за образование на Роми спроведени во основните училишта одиграле клучна улога и понудиле решенија за реалните потреби и аспирации на ромските заедници. Проектните училишта, во тесна соработка со ромските образовни центри, ги зголеми комуникацијата и почитувањето на различностите меѓу децата, а преку различните активности, создале атмосфера која ги вклучува сите деца.

Проектот овозможил учество во вонучилишни активности што ги организираат основните училишта во соработка со ромските образовни центри за ромските и (подоцна) за неромските ученици. Тоа позитивно влијаело во насока на подобрување на односите меѓу ромските и другите ученици и индиректно влијаело врз односите меѓу родителите Роми и другите родители.

Постојаната и проактивна соработка меѓу училиштата и ромските образовни центри била од суштинско значење за постигнување на целите на Проектот и значително ја подобрила стапката на задржување во училиште кај ромските деца и го намалила севкупниот број ученици кои го напуштаат образованието. Проектот, исто така, довел до позитивна промена на ставовите и на перцепциите во рамките на училиштата. Помагајќи им на учениците Роми да постигнат подобри резултати, наставниците ги надминале стереотипите за учениците Роми дека имаат ниски постигања на училиште и лесно го напуштаат образованието.

Средношколците Роми го подобриле нивното разбирање за значењето на образованието и развиле свест за важноста на продолжувањето на образованието во средно училиште, а подоцна, и на факултет.

Студентите и дипломираните студенти, кои учествуваа во анкетата, сметаат дека образованието е предуслов за да станат она што сакаат и укажаа на врските меѓу образованието, вработувањето и самоосознавањето; тие, исто така, сметаат дека образованието е извор / начин за развој на конкретни вештини кои имаат директна практична примена.

Главната придобивка, која беше нагласена од голем број сегашни / дипломирани студенти Роми, е зголемениот број млади Роми кои се запишуваат на факултет.

Работата со родителите Роми била хоризонтално прашање и беше истакната од страна на сите категории засегнати страни. Во минатото, Проектот имал помал успех во поактивното вклучување на родителите Роми. Тие не биле многу заинтересирани да учествуваат во училишните активности, на индивидуалните состаноци, родителските средби и на работилниците. Сепак, во подоцнежните фази, Проектот успеал поефективно да ги вклучи родителите, што, пак, резултирало во надминување на сопствените внатрешни стравови од страна на родителите Роми и во зајакната самодоверба и самопочит. Тие го изразија своето задоволство од проектните активности и од фактот дека нивната вклученост довела до резултати бидејќи го забележале начинот на кој нивните деца ги сработуваат училишните задачи, дека присуствуваат на часовите и дека имаат поголема мотивација. Родителите, исто така, забележале дека дискриминацијата кон децата Роми значително се намалила преку активностите кои биле заеднички спроведени од страна на училиштата и локалните НВО.

Иако Проектот ги постигнал генералните цели и резултирал во одржливи промени кои нема лесно да се вратат во првобитната состојба, постојат повеќе аспекти на кои треба да се посветат дополнително внимание и поддршка.

Проектот треба да продолжи и да ги зголеми своето влијание и опфат. Ако се стопираат проектните активности, училиштата не ги поседуваат потребните средства за да продолжат да ги спроведуваат овие активности (целосно или делумно).

Проектот, исто така, треба да стави посебен акцент на активностите наменети за родителите Роми кои ја зголемуваат нивната свест за важноста на образованието и за тоа како да им помогнат на нивните деца.

Одржувањето и развивањето квалитетни образовни практики, вклучувајќи ги и оние кои ги промовира Проектот за образование на Роми, сè уште налагаат сериозни заложби и добро организиран придонес, со вклученост на сите засегнати страни: донатори, специјализирани НВО, училишта, владини тела и агенции, поранешни и сегашни директни корисници (ученици / студенти, родители).

На ромските образовни центри им треба помош за да ги изградат своите капацитети, со фокус на зајакнување на организацискиот развој и на вештините за собирање финансиски средства за да развиваат уште поефикасни и поконструктивни начини за решавање на потребите на нивните главни корисници.

Заклучокот од овој Извештај е дека најголемиот дел од проектните резултати се постигнати на одговорен и одржлив начин и дека Проектот претставува извонреден модел на добри практики. Сепак, позитивните резултати на Програмата треба и натаму да се консолидираат и да се развие приод кој е финансиски одржлив и по завршување на поддршката од УСАИД.

Практично, најголемиот дел од учесниците, поранешните и сегашните корисници, и македонското општество во целина очекуваат логично продолжување и развој на проектните активности, имајќи ги предвид долгорочната заложба и позитивниот приод на сите засегнати страни во Проектот. Преку стратегиски приод заснован на финансиска одржливост и на професионализација на ромските образовни центри и преку зајакнување на добрата соработка со засегнатите страни, Проектот за образование на Роми треба да продолжи да дава значаен придонес во постигнувањето на поставените цели и во еманципацијата на ромската заедница во Македонија.

# ГЛАВНИ НАОДИ

## [ 2.1. КАКВА РАЗЛИКА НАПРАВИ ПРОЕКТОТ ВО ЖИВОТОТ НА КОРИСНИЦИТЕ? ]

Од самиот почеток на активностите, Проектот за образование на Роми морал да се справи со огромните предизвици со кои се соочува ромската заедница во Македонија:

- **висока стапка на рано напуштање на основното училиште меѓу учениците Роми (околу 50%);**
- **вообичаени стереотипи поврзани со ромската заедница кои се длабоко вкоренети во македонското општество;**
- **скриена дискриминација во училиштата и во другите јавни институции;**
- **пониски очекувања од учениците Роми за запишување во основно / средно училиште;**
- **помалку инклузивен училиштен систем (за Ромите и за другите маргинализирани групи);**
- **негативно влијание од семејството врз децата кои сакаат да се запишат во / да го продолжат училиштето;**
- **родителите Роми не учествуваат во училишните активности, и минимален број наставници Роми;**
- **сиромаштија, неписменост и најосновни животни услови кај голем дел од ромските семејства итн.**

Активностите спроведени од Проектот за образование на Роми во основните училишта се базираат на претходните успешни искуства на ФООМ; тие имале клучна улога и одговориле на реалните потреби и аспирации на ромските заедници. Проектните училишта, во тесна соработка со ромските образовни центри, ги зголемија комуникацијата и почитувањето на различностите меѓу децата и преку различни активности, создале атмосфера во која се вклучени сите деца.

Проектот овозможил учество во вонучилишните активности организирани од основните училишта во соработка со ромските образовни центри за ромските и (подоцна) за неромските ученици. Тоа позитивно влијаело во насока на подобрување на односите меѓу ромските и другите ученици и индиректно влијаело врз односите меѓу родителите

„На Балканот, на луѓето им треба време за да постигнат резултати“.
(наставник во основно училиште)

Роми и другите родители. Во таа насока, од суштинско значење биле интеркултурните активности и спроведувањето на неколку мали, но импресивни проекти кои имаат за цел подобрување на меѓуетничките односи. Овие активности, кои подразбираат учество на различни засегнати страни, ги спроведувале децата, родителите и наставниците и придонеле во голема мера за подобро разбирање на различностите, на интеркултурализмот и на хуманите вредности. Тие, исто така, овозможиле поголемо учество на родителите Роми во училишните активности.

Во Прилеп, во Основното училиште „Добре Јованоски“, децата, наставниците и родителите заеднички ги обоија и ги украсија ѕидовите во зградата. Малите ликовни проекти како овој станаа нова традиција во училиштето. Како резултат на тоа, децата се среќни, нивната самодоверба е зајакната, и тие се подобро прифатени во групите, додека, пак, интеркултурните приоди се веќе интегрирани во наставата.

Иако овие вон-наставни активности се одвиваат по редовната настава, поради професионализмот и посветеноста на наставниците, педагозите и на социјалните работници, децата се среќни и со задоволство учествуваат во нив. Бројните работилници, екскурзии, мали проекти, ликовни и драмски клубови итн. имаат огромно влијание врз децата Роми, ја зголемуваат нивната мотивација за редовно присуство на часовите што, од друга страна, го зголемува нивниот успех. Многу деца патувале и посетиле места кои им биле целосно непознати (градови, музеи, театри, други училишта).

Наставниците и директорите на училиштата вклучени во анкетата ја споредуваат ситуацијата пред и по интервенциите на Проектот на следниов начин:

- **постојат документирано видливо зголемување на бројот на деца кои посетуваат училиште (вклучувајќи го и бројот на ромски деца кои се запишуваат во прво одделение) и намалено отсуство од часови;**
- **децата ги зголемија својот интерес и свеста за важноста на училиштето во секојдневниот живот, како и за важноста на образованието генерално;**
- **учениците Роми запишани во основно образование имаат повисоки оценки, и нивното учество во училишните активности значително се зголемило, паралелно со нивната интеграција во рамките на пошироката училишна заедница;**

> „Претходно, кога бев наставник по физичко образование, необична ми беше таквата поделба. Таа се чувствуваше секаде и секогаш кога одев на час Македонците и Ромите сакаа да спортуваат, но едни против други, а не заедно, а тоа навистина ме иритираше... Таквите состојби сега се надминати.“
>
> (директор на основно училиште)

- **наставниците и училишната управа имаат подобра соработка со родителите Роми кои, пак, покажуваат поголема вклученост и ангажман во училишните активности;**
- **децата Роми подобро го зборуваат македонскиот јазик.**

Ромските образовни центри обезбедуваат клучни услуги и вонучилишни активности, како што се: подготовка за тестови, помош во пишување на домашните задачи, екскурзии, туторство, креативни работилници, чија крајна цел се зголемување на училишните резултати и подобрување на стапката на задржување во образовниот систем кај ромските деца. Овие активности, кои ги спроведуваат претставниците на училиштата заедно со активистите од локалните НВО, обезбедиле вклученост на учениците, наставниците и на педагозите од соодветните училишта, како и на родителите. Локалните НВО кои управуваат со ромските образовни центри им помогнале на училиштата во:

- **идентификувањето на децата од ромските заедници на кои им треба помош;**
- **информирањето на родителите за активностите кои се однесуваат на нивното образование;**
- **спроведувањето теренски посети во ромските населби со претставници од училиштата (што им помогнало да го разберат животниот стил на Ромите, да станат свесни за животот на Ромите, да ги подобрат своите ставови и, со тоа, да го променат начинот на кој работат со децата Роми).**

Пред Проектот, многу деца кои биле запишани во основно училиште отсуствувале од наставата во период од повеќе од еден месец (бидејќи семејството заминало во странство да бара азил или сезонска работа во други региони од државата). Соработката помеѓу училиштата и локалните РОЦ ја подобрила оваа ситуација преку обезбедување часови за децата да го надоместат изгубеното и преку дополнителни активности за учење и за помош.

Ромските образовни центри од различни градови (дури и од различни населби во ист град) спроведуваат исти видови активности, но сепак, имаат различни можности за поддршка од локалните власти. Повеќето од нив дејствуваат како центри во заедницата и така се перципирани од страна на ранливите групи на кои им помагаат. Резултатите на децата на предучилишна и училишна возраст се многу позитивни и покажуваат дека ромските образовни центри имаат суштинска улога во успехот на двете групи.

**СЛИКА 1:**
(Позитивни) промени во севкупната состојба во основното образование кои се резултат на интервенциите од Проектот за образование на Роми: перцепции на наставниците.

*Извор: Анкета на наставниците од основните училишта.*




Менторите од средните училиште изјавија дека пред неколку години, средните училишта се соочувале со многу проблеми бидејќи во прва година се запишувале ученици Роми кои имале тешкотии со читањето и со пишувањето. Сепак, како што напредувал Проектот, се покажало дека вонучилишните активности и проекти имаат големо влијание врз корисниците: средношколците развиле навики за редовна посета на наставата и, со тоа, го подобриле своето разбирање за процесот на школување, генерално.

Според тоа, средношколците Роми ги подобриле своето разбирање за значењето на образованието и свеста за важноста на продолжувањето на нивното образование во средно училиште, а подоцна, и на факултет. Ова довело до една работа која често се споменуваше во дискусиите со засегнатите страни (и на која со гордост се укажува како на неоспорен факт): македонските средни училишта забележале најголем напредок кај учениците Роми, во апсолутни бројки.

Матурантите Роми сметаат дека Проектот им обезбедил непроценливи придобивки за нивниот личен и професионален развој:

- **можност да се образуваат и да ја зголемат својата самодоверба;**
- **зголемено знаење и дополнителни професионални вештини (преку неформално образование, помош од менторите, итн.);**
- **можности за градење кариера кои не би ги имале поради сиромаштијата;**
- **потребната финансиска поддршка која го олеснила товарот на нивните семејства;**
- **поврзување со други ромски и не-ромски ученици.**

„Кога во Тафталиџе се отвори СП Маркет, јас пријатно се изненадив дека една од нашите поранешни ученички работи на каса во маркетот. Мислам дека сите оние кои на некој начин направиле потег во однос на нивното образование, без оглед дали тоа го направиле по сопствена желба или на убедување од семејството, треба да ја почувствуваат финалната придобивка, нешто што им дава одреден вид на завршница: вработување, независност, и слично.“

(психолог во основно училиште)

Средношколците ги ценат дополнителните активности (семинари, работилници, летни / зимски школи, екскурзии) кои им биле понудени во текот на Проектот, а менторството го сметаат за еднакво важно колку и финансиската поддршка што ја добиваат.

Од самиот почеток, студентите покажале голем интерес за вклучување во Проектот. Повеќето од нив се информирале за него преку медиумите или преку училиштето. Студентите и средношколците неколку пати го истакнаа фактот дека најголемиот дел од нив биле заинтересирани поради стипендиите (кои ги сметаат за неопходни за да се запишат и да продолжат во високото образование), но со нивната вклученост во Проектот откриле дека менторската помош е голема придобивка и е од огромно значење за нивниот личен развој.

Проектот обезбедил стипендиите да не бидат единствената движечка сила, туку намалување (или елиминација) на финансискиот товар за родителите Роми.

Земајќи го предвид сиромашното потекло на семејствата, многу млади Роми не би имале можност да се запишат на високообразовните институции без дополнителна помош која целосно ќе ги покрие трошоците за високо образование обезбедена преку Проектот за образование на Роми. Јасно е дека без директната помош за средношколците и за студентите Роми би се постигнал многу мал напредок во зголемувањето на стапката на запишување на факултет меѓу овие корисници. Стипендиите и менторството ги зголемиле квантитетот и квалитетот на студентите Роми.

„Еден соученик од средно училиште еднаш ми рече, многу збунет: значи децата Роми можат да учат!“

(матурант)

## 2.2. КОИ АСПЕКТИ ОД ПРОЕКТОТ ИМАА НАЈГОЛЕМО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КОРИСНИЦИТЕ И ЗОШТО?

Според наставниците, социјалните работници и педагозите, пред почетокот на Проектот, децата Роми не биле вклучени во училишните акции и / или прослави. Нивните таленти и вештини дале богат и значителен придонес во интеркултурните активности подготвувани од училиштата, но и во традиционалните сезонски прослави (Божиќ, Велигден, ромски празници итн.).

Проектот предвидел и дополнителна поддршка за децата кои не зборуваат добро македонски јазик. Тоа значително ја подобрило интеграцијата на децата Роми во училиштата уште од самиот почеток (прво одделение).

Според директорите на основните училишта, постојаната и проактивна соработка меѓу училиштата и ромските образовни центри е од суштинско значење за постигнување на целите на Проектот и значително ја подобри стапката на задржување во основно училиште меѓу учениците Роми и го намали севкупниот број ученици кои го напуштаат образованието. Може да се забележи висока стапка на запишување и задржување на децата Роми во основните училишта, во споредба со ситуацијата пред 10 или повеќе години. Повеќето проектни училишта со гордост ги претставуваат во јавноста деталните информации[1] за постигнувањата на учениците Роми.

Основните училишта, кои учествуваат во Проектот за образование на Роми, постигнале високо, позитивно ниво на свест за начинот на кој ги промовираат интеграцијата и образованието на учениците Роми преку различни обуки за постојан организациски развој.

Најголемиот дел од наставниците се согласуваат дека Проектот за образование на Роми значително ги подобрил севкупната наставна

[1] Како пример, овде презентираме бројки од едно од училиштата вклучени во Проектот: пред 10 години, од вкупно 120, само 10-15 деца Роми го завршувале основното училиште; во 2013 година, процентот на деца Роми, кои го завршиле основното образование, изнесува околу 90%.

> „Ние имаме околу 100 ученици Роми, но основно образование им треба на 10.000 луѓе.“
>
> (дипломиран студент)

методологија, како и ставовите и перцепциите на наставниот кадар. Обуките и работилниците на кои учествувале 453 наставници од проектните училишта во: Скопје, Куманово, Прилеп и Битола, биле од суштинско значење за учење нови и корисни техники преку кои наставниците можат да ја подобрат наставата за учениците од различно етничко потекло. Како најдобри резултати (со огромен ефект) од овие проектни активности наставниците ги наведоа следниве:

- збогатена наставна содржина за конкретни предмети предложена од наставниците кои учествувале на овие обуки;
- зголемена мотивација и свест за важноста на образованието меѓу учениците во основно образование; тие сега постигнуваат подобри резултати и го продолжуваат своето образование со запишување во средно училиште (каде продолжуваат да покажуваат подобри резултати); еден од испитаниците од училишната администрација го сподели примерот за едно ромско девојче чии родители се неписмени, но таа е одлична ученичка и успеала да ги заврши студиите;
- зголемена стапка на редовно присуство на часовите – една од главните придобивки на проектните активности; децата Роми сега редовно посетуваат настава, подобро ја разбираат својата улога на ученици и имаат позитивна перцепција за инвестирањето во образованието;
- наставниците ги подобриле своите професионални вештини и го зголемиле своето знаење за наставните методи; пред проектните активности, вработените во училиштата не биле запознаени со животот на Ромите, со нивните животни услови, со нивната култура и традиција итн.; обуките опфатиле теми како што се: надминување на предрасудите за наставниците кои ја применуваат програмата „чекор по чекор“, методиката „со читање и пишување до критичко мислење“, управување со училиштата, социјална правда, нови наставни методи и техники итн.; сите обуки имале голем позитивен ефект врз севкупната работа на наставниците.

Проектот придонел и за позитивно менување на ставовите и на перцепциите во рамките на училиштата. Помагајќи им на учениците Роми да постигнат подобри резултати, наставниците ги надминале стереотипите за учениците Роми дека имаат ниски постигања и лесно го напуштаат училиштето. Многу искази сведочат за намаленото ниво на предрасуди во училиштата, а обуката за наставниците одиграла централна улога во таа насока.

Позитивните промени врз севкупната состојба во основното образование, како и влијанието врз политиките и врз практиките на училиштата, кои се резултат на проектните интервенции, се идентификувани во следново:

- **проектните активности сега се дел од основната документација која ги пропишува активностите на основните училишта: годишна програма за работа на училиштето, годишно и тематско планирање на наставата итн., додека други училишта почнаа да го следат и да го институционализираат овој модел на добри практики;**
- **училиштата редовно организираат вонучилишни активности (според моделот на ПОР) и подготвуваат посебни интеркултурни програми, прослави итн.;**
- **соработката со РОЦ (и со локалните ромски НВО) е поздравена и потврдена преку официјални договори и преку постојана интеракција;**
- **родителите и учениците Роми сега се членови на училишните совети / ученичките совети (онаму каде тоа е применливо).**

Во средните училишта, менторите истакнаа дека искуството од работата со средношколци Роми им помогнало да стекнат вештини кои сега можат да ги користат во работата со други групи средношколци.

**СЛИКА 2:**
Влијанието на активностите од Проектот за образование на Роми врз политиките и врз практиките на училиштата: перцепции на наставниците.
*Извор: Анкета на наставниците од основните училишта.*




Според менторите, се зголемило чувството на „припадност во училиштето“ и се подобрила генералната атмосфера во заедницата. Тоа, исто така, ја зголемило нивната слобода на движење низ училиштето. Првично, средношколците Роми стоеле во близина на училницата или на места во училишната зграда каде се чувствувале доволно комфорно. Поради поддршката од менторите и поради промената на генералната атмосфера во училиштата, тие се чувствуваат покомотно да ја истражат училишната средина. Освен тоа, менторите изјавија дека средношколците Роми станале поамбициозни, додека, пак,

**СЛИКА 3:**
Влијание на активностите на Проектот за образование на Роми врз политиките и врз практиките на средните училишта: перцепции на средношколците.

*Извор: Анкета на сегашни / дипломирани студенти.*




**СЛИКА 4:**
Позитивни промени врз состојбата во средното образование кои се резултат на интервенциите од Проектот за образование на Роми.

*Извор: Анкета на сегашни / дипломирани студенти.*




наставниците ги вклучиле во други проекти и активности надвор од рамките на Проектот.

Бројките дадени подолу сугерираат една интересна ситуација: иако Проектот за образование на Роми имал помало влијание врз политиките и врз практиките на средните училишта, средношколците сметаат дека тој позитивно и значајно влијаел врз севкупната состојба во средното образование.

Најголемите и најпозитивните резултати (во апсолутни бројки) меѓу учениците Роми биле постигнати во средните училишта: во последните две децении, повеќе од 1.700 ученици Роми посетувале средно образование во Македонија. Од 2009 година, Министерството за образование и наука на Република Македонија го призна успехот на моделот за стипендирање / менторство развиен од ФООМ и обезбедува стипендии за учениците Роми (со поддршка од Ромскиот образовен фонд).

Сегашните и дипломираните студенти, кои учествуваа во анкетата, сметаат дека образованието е предуслов да станат она

што сакаат и укажуваат на поврзаноста меѓу образованието, вработувањето и самоосознавањето; освен тоа, тие го перципираат образованието како можност за развој на конкретни вештини со непосредна практична примена. Сепак, нивните перспективи се многу пошироки бидејќи имаат повеќе можности за подобри работни места, со што му докажуваат на општеството дека ромската заедница може да ги надмине пречките и да создаде високообразовани граѓани.

Студентите, исто така, забележуваат дека дипломираните Роми имаат поголеми можности за развој на своите капацитети и за уживање на нивните права како граѓани.

Проектот произвел многу придобивки за студентите Роми:

- **младите Роми сега полесно се запишуваат и ги завршуваат студиите / стекнуваат универзитетска диплома;**
- **подобрен пристап до вработување во државните институции;[2]**
- **можност за стекнување дополнителни професионални вештини (учење странски**

[2] Многу сегашни / дипломирани студенти сметаат дека вработувањето во државни институции е можност да придонесат и да влијаат врз развојот на јавните политики.

**СЛИКА 5:**
Влијанието на активностите на Проектот за образование на Роми врз политиките и врз практиките на универзитетите: перцепции на студентите.

*Извор:Анкета на сегашни / дипломирани студенти.*




**СЛИКА 6:**
Позитивни промени врз состојбата во високото образование кои се резултат од интервенциите на Проектот за образование на Роми.

*Извор:Анкета на сегашни / дипломирани студенти.*



**јазици, компјутери, комуникација, личен развој итн.);**

- **туторството им помага полесно да ги положат испитите;**
- **проектот им овозможи да го продолжат своето образование на последипломски студии.**

Главната придобивка што ја истакнаа најголем дел од сегашните / дипломираните студенти Роми е зголемениот број млади Роми кои се запишуваат во високото образование. Проектот не резултирал во позитивни промени на ниво на високообразовните или пошироките политики. Сепак, генералното мислење меѓу студентите е дека треба да се вклучат во креирањето на јавните политики и да им помогнат на идните генерации, користејќи ги добрите практики од Проектот за образование на Роми и можностите што им ги нуди Ромаверзитас.

Каков што беше случајот и кај матурантите, сликата погоре сугерира пропорционална, слична ситуација во однос на влијанието на Проектот врз севкупната состојба во високото образование и врз политиките и врз практиките на универзитетите. Сегашните и дипломираните студенти сметаат дека Проектот влијаел врз состојбата во високото образование.

Сите студенти Роми истакнаа дека, на еден или на друг начин, Ромаверзитас имал значаен и богат придонес во нивниот живот и професионална кариера. Оваа иницијатива, која ја поддржаа ФООМ, Ромскиот образовен фонд и УСАИД, била клучна за зајакнување на универзитетското образование меѓу ромската популација. Таа ги обезбедила потребните ресурси и заложби за зголемување на бројот на студенти Роми во високото образование и им помогнала на студентите запишани во високото образование да останат во образовниот процес и успешно да напредуваат во нивните студии.

Нивната одлучност и добро осмислената стратегија ги подобриле статусот и постигнувањата на студентите Роми, надоместувајќи за ограничените заложби на владините тела за решавање на овие прашања. Повеќето студенти Роми корисници на Проектот успешно напредувале во нивните студии и ги постигнале стандардите кои се очекуваат во високото образование. Постигнувањата на Ромаверзитас се уште позначајни бидејќи во последниве години, универзитетската компонента на Проектот за образование на Роми продолжи да се спроведува само со поддршка од Фондацијата Отворено општество – Македонија и од Ромскиот образовен фонд.

## 2.3. ПЕРЦЕПЦИЈАТА ЗА РОДОВИТЕ ПРАШАЊА

Две третини од интервјуираните наставници сметаат дека родовите прашања повеќе не претставуваат проблем, додека 56% од средношколците и сегашните / дипломираните студенти изјавија дека не постојат разлики меѓу момчињата и девојките. Речиси сите интервјуирани наставници потврдија дека девојчињата, генерално, имаат подобар успех од момчињата, без оглед на нивната етничка група, и во поголем процент го завршуваат училиштето. Ситуацијата е иста и со ромските девојчиња.

**СЛИКА 7:**
Перцепции на наставниците за разликите меѓу ромските момчиња и девојчиња во однос на нивните перспективи за кариера и образовниот статус.

*Извор: Анкета на наставници од основните училишта.*




**СЛИКА 8:**
Перцепции на средношколците и на сегашните / дипломираните студенти за разликите меѓу ромските момчиња и девојчиња во однос на нивните перспективи за кариера и образовниот статус.

*Извор: Анкета на средношколци и сегашни/дипломирани студенти*



Сепак, некои студенти изјавија дека младите Ромки се соочуваат со поголеми бариери во пристапот до образование поради патријархалните стереотипи и традиции во нивните семејства за улогата на девојките во општеството.

Исто така, повеќе испитаници ни посочија дека намалениот број малолетнички бракови меѓу ромските деца и тинејџери е индиректен позитивен резултат од проектните активности. Студентите изјавија дека голем број девојки веќе не се мажат додека не ги завршат студиите и / или додека не се вработат. Од друга страна, оние девојки, кои се мажат порано, односно, оние девојки, коишто влегле во образовниот систем и потоа го напуштиле за да се омажат, имаат попозитивен став кон образованието и го пренесуваат на нивните деца.

## 2.4. ПРИКАЗНАТА НА ФЕТИЈА: *НАДМИНУВАЊЕ НА СТЕРЕОТИПИТЕ ЗА РОМСКИТЕ ДЕВОЈКИ*

Многу луѓе често се прашуваат: „Каде ќе бидам за 5 или 10 години?“ Ова прашање е почетната точка за поставување лични цели, а истовремено ви овозможува сами да си одговорите на начин кој соодветствува со одговорот што сакате да го слушнете.

Фетија си го поставувала ова прашање во моментите кога чувствувала дека треба да побара одговори за она што го сака. Патот до наоѓањето на одговорите кои не може да се предвидат не бил без пречки, но бил успешен.

Ромска девојка која доаѓа од мал град и од релативно традиционално семејство. Многу стереотипи во заедницата, предрасуди за другите, притисната од традицијата и замолчена од конзервативните ставови и мислења. Денес таа е дипломиран социјален работник, а претходно беше стипендистка на Проектот за образование на Роми на УСАИД. Таа често зборува за важноста на изнаоѓањето начин за освестување на заедницата и за надминување на стереотипите:

*„Денот кога го видов своето име на списокот на примени студенти, само една мисла ми мина низ главата: никогаш веќе нема да се вратам дома.“*

Таа ги кажа истите зборови јавно во рамките на фокус групата организирана со ромските студенти... но и пред нејзините сегашни колеги, пред наставниците, пред претставниците на различни институции, на министерствата, пред амбасадорите и пред претседателот на Република Македонија... и пред нејзините родители, на јавниот настан организиран од Фондацијата Отворено општество – Македонија во чест на првата генерација матуранти корисници на стипендии.

Низ годините, се трудела да стекне неформално образование и сè уште го прави тоа. Со години се борела против предрасудите и против стереотипите кои сè уште влијаат врз жените Ромки. Еден посебен ден одлучила да застане пред нејзината заедница и да се претстави како едукатор за сексуално образование, зборувајќи за придобивките и за ризиците поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје, за превенцијата од ризици итн.

Тоа било шок за нејзиното семејство и за заедницата. Но нејзините искрени намери биле презентирани на вистински начин, со вистинските зборови, и заедницата ги разбрала. Тоа било тешко, но тие сега конечно ја прифаќаат.

*„Ова е огромен успех за мене и за сликата на жената Ромка која не била донесена на овој свет да биде домаќинка и мајка. Таа може да биде и едукатор за сексуално образование.“*

Фетија е горда корисничка на Проектот за образование на Роми. Таа планира да ја продолжи својата кариера како едукатор за сексуално образование и да придонесе во развојот на нејзината заедница и во еманципацијата на Ромките во Македонија.

„Јас сум неписмен, но горд сум што мојата ќерка ме научи како да се потпишувам.“

(родител)

## 2.5. РОДИТЕЛИТЕ РОМИ И НИВНИТЕ ДЕЦА

Генерално гледано, родителите се првите едукатори на децата и остануваат клучни едукатори во текот на нивното образование. Јасно е дека родителите се најважното рано влијание врз нивните деца и се најважен фактор за нивниот подоцнежен успех и постигнувања на училиште.

Во суштина, трошоците за образование се најголемата пречка за родителите Роми бидејќи повеќето семејства се соочуваат со сиромаштија, со неписменост и со лоши услови за живот. Запишувањето на децата во основно училиште, иако е бесплатно, било тешко и претставувало голем предизвик, а децата не биле соодветно подготвени за настава (најголемиот дел од нив не посетувале градинка). Исто така, семејствата не можеле да ги покријат дополнителните трошоци, како што се: учебници, превоз (до училиштата лоцирани далеку од ромските населби), училиштен прибор итн.

Работата со родителите Роми, како хоризонтално прашање, беше истакната од страна на сите категории засегнати страни. Во минатото, Проектот имал помал успех во поактивното вклучување на родителите Роми. Тие не биле многу заинтересирани да учествуваат во училишните активности, на индивидуалните состаноци, на родителските средби и на работилниците. Сепак, во подоцнежните фази, Проектот успеал поефективно да ги вклучи родителите, што, пак, резултирало во надминување на сопствените внатрешни стравови од страна на родителите Роми и во зајакната самодоверба и самопочит. Тие го изразија своето задоволство од проектните активности и од фактот дека нивната вклученост довела до резултати, бидејќи го забележале начинот на кој нивните деца ги сработуваат училишните задачи, дека присуствуваат на часовите и дека имаат поголема мотивација.

Проектот не им помогнал само на децата Роми туку и на другите ученици. Пред 10 години, децата Роми покажувале многу слаби резултати на училиште. Сега, со помош од ромските образовни центри и со спроведувањето на Проектот за образование на Роми, разликата е очигледна. Родителите забележале дека

дискриминацијата кон децата Роми значително се намалила преку активностите спроведени заеднички од страна на училиштата и локалните НВО. Постои поголема интеракција на учениците Роми со неромските ученици, и досега не се забележани никакви конфликти.[3] Бидејќи влијанието на проектните активности оди подалеку од предложените цели, родителите забележале дека децата од различни етнички заедници во училиштето сега стануваат пријатели и се чувствуваат многу поудобно кога комуницираат.

Многу ромски семејства изјавија дека ромските образовни центри имаат посебна улога во нивните животи: тие се втор дом за нивните деца. Децата од другите етнички заедници и од маргинализираните / ранливите групи доаѓаат во РОЦ бидејќи во центарот се чувствуваат удобно.

Образовните активности спроведувани во ромските образовни центри се сметаат за многу важни за развојот на децата. Училишните прибори обезбедени за семејствата значително придонеле за подобро образование на децата, особено во контекст на лошата економска ситуација. Родителите, исто така, ги вреднуваат вонучилишните активности во училиштата: сега, нивните деца слободно учествуваат во приредби, во претстави итн.

Персоналот на РОЦ се грижи за децата: тие ги посетуваат во нивните домови и ги викаат да одат на училиште, ги проверуваат ако децата се отсутни. Родителите сметаат дека едукаторите од РОЦ се многу повеќе посветени на добросостојбата на децата отколку наставниците во училиштето.

„Финансиската состојба не се сменила од 2004 година, наваму, но родителите конечно ја разбираат потребата за образование.“

(претставник на РОЦ)

Способноста на родителите да го направат најдобриот избор во однос на образованието на нивното дете е условена од пристапот до целосни информации за опциите што им се на располагање. Ова не е случај меѓу родителите на децата Роми. Проектните активности им помогнале да добијат подобра идеја за ваквите

[3] Како што изјавија родители од Скопје и од Прилеп.

> „Многу е важно да се убедат родителите Роми да го прифатат образованието и да знаат дека образован човек е многу поважен и покорисен за себе, за државата и за општеството.“
>
> (претставник на РОЦ)

можности и силно го стимулирале нивното вклучување во прашањата кои се однесуваат на образованието на нивните деца.

Вклучувањето на родителите Роми во училишните активности се смета за суштински аспект на Проектот. Сите ромски образовни центри организирале најмалку еден настан месечно за родителите (на пр., работилница, презентација). Во минатото, не било вообичаена практика родителите Роми да учествуваат во формалните тела на училиштата како што се родителските совети. Сепак, нивното учество станало поструктурирано и се развило во еден од клучните резултати на ПОР, кој има огромно влијание врз односите меѓу училиштето и родителите, и продолжува да се зголемува во рамките на училиштата.

## [ 2.6. ПРОЕКТОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА РОМИ: ГЛАСОТ НА КОРИСНИЦИТЕ ]

Често, собирањето описи и цитати од луѓето кои ги споделија своите искуства со проектните активности е моќен начин за анализа на разликата што ја направил Проектот во нивните животи. Ова поглавје од Извештајот се осврнува на горенаведените претпоставки и ги илустрира резултатите на Проектот и нивното влијание врз заедницата.

### КАКВА РАЗЛИКА НАПРАВИ ПРОЕКТОТ ВО ЖИВОТОТ НА КОРИСНИЦИТЕ?

*„Со ова (Проектот) ние сме поблиски до нивната култура (ромската заедница) и го разбираме нивното однесување. Ние разбираме колку семејството влијае врз културните разлики и можеме да разбереме зошто се однесуваат на таков начин. Учењето и образованието, генерално, не им било истакнато дома како нешто важно за нивната иднина, и ние се соочуваме со нивните животни проблеми. Преку овие активности ние стануваме поблиски до учениците, и тие стануваат поблиски до нас.“*

*(наставник во основно училиште)*

*„Ми се допаѓа тоа што децата учат и што добиваат стипендии.“*

*(родител)*

*„Постарата генерација на ученици Роми е, всушност, новата генерација на родители: тие ги промовираат семејните вредности и во исто време им објаснуваат на децата и на другите членови во заедницата за важноста и корисноста на поседувањето диплома за високо образование.“*

*(дипломиран студент)*

* * *

*„Во нашето училиште се обидуваме да ги зближиме заедниците (ромската и македонската). Тоа може лесно да се направи преку фолклорни и традиционални танци. Во таа насока, организиравме вонучилишни активности во училиштето и ги собравме децата заедно да пеат и да играат:*

*Ромските деца го подобрија нивното знаење на македонскиот јазик, а македонските деца ги научија ромските танци. Заедно тие создадоа сопствени танци! Кога танцуваат, физичкиот контакт меѓу децата е многу важен, тие учат да се поддржуваат едни со други и си помагаат за да го подобрат успехот. Тоа е простор за сопствена експресија, креативност и развивање долготрајни пријателства. Проектот би можел да помогне во остварување позадоволителни резултати во оваа насока преку зголемување на бројот на ментори и преку посветување посебно внимание на талентираните деца.“*

***(наставник во основно училиште)***

## КОИ АСПЕКТИ ОД ПРОЕКТОТ ИМАА НАЈГОЛЕМО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КОРИСНИЦИТЕ И ЗОШТО?

*„Искрено, мислам дека тие (учениците Роми) се перципираат сосема поразлично од претходно, односно, пред да влезат во основно образование. Кога го подготвувавме финалниот настан за Програмата на УСАИД и на ФООМ, водителот на приредбата беше ученик Ром кој перфектно го водеше настанот и кој ги поседува сите потребни капацитети и можности. Сето она низ кое минаа во овие 8 години им дава поголема самодоверба, им дава желба да напредуваат, да ги надминат тешкотиите во животот. Се разбира, тоа се забележува во начинот на кој зборуваат, во нивното однесување, во начинот на кој се перципираат.“*

***(директор на основно училиште)***

*„Забележав поголем интерес од страна на родителите. Тие сакаат да дојдат и да добијат информации за многу работи. Претходно тие не беа доволно заинтересирани, а сега ако има потреба, доаѓаат на сопствена иницијатива, што е многу корисно.“*

***(педагог во основно училиште)***

*„Економската ситуација во Македонија не е сменета, работите сè уште треба драматично да се сменат. Бројките што ги гледаме на телевизија (економските показатели) не се добри, не ни се допаѓа она што се случува. Но Проектот за образование на Ромите ги реализираше работите! Неговите ’бројки‘ се зголемуваат и изгледаат добро.“*

***(претставник на РОЦ)***

* * *

*„Проектот воведе нови методи за интеракција и нови начини за комуникација меѓу училиштата и наставниците: нема повеќе ’учи, учи и учи‘, туку ’ние сме тука да ви помогнеме, ги разбираме вашите грижи и потреби, ќе работиме заедно‘.“*

***(претставник на РОЦ)***

## КОИ СЕ КЛУЧНИТЕ АКТИВНОСТИ И ИНТЕРВЕНЦИИ ШТО ТРЕБА ДА ПРОДОЛЖАТ И КОЈА Е УЛОГАТА НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ВО ОВИЕ ЗАЛОЖБИ?

*„Овој Проект создаде критична маса, мислењето дека ниту едно дете не е изгубено и дека сите деца можат да учествуваат во овој процес. Тоа бара посветеност и време.“*

*(директор на основно училиште)*

* * *

*„Богато општество не е она кое има богати луѓе, туку кое има образовани луѓе.“*

*(директор на основно училиште)*

* * *

*„Јас не сум загрижен дека Проектот нема да продолжи. Мојата грижа се однесува на продолжување на истото ниво на професионализам и одговорност меѓу наставниците, продолжување на развојот на нивните вештини и нивото на знаење за работа со децата и родителите Роми, продолжување на поддршката за родителите, за заедницата генерално.“*

*(директор на основно училиште)*

*„Бидејќи знаеме што и треба на помладата генерација, подготвени сме да дадеме значаен придонес во новата фаза на Проектот. Треба да се фокусираме на продолжување на градењето капацитети, во спротивно, ефектот од сето она што беше направено во претходните години ќе се намали со текот на времето.“*

*(матурант)*

* * *

*„Со сигурност, Проектот треба да продолжи, јас не би менувал ништо. Дендо вас (РОЦ во Скопје) треба да продолжи да работи како образовен центар, тие многу добро си ја завршуваат работата. Можеби моите постари деца (на возраст од 12 и 14 години) би можеле да дојдат во Центарот, наскоро ќе им треба помош за да се запишат во средно училиште бидејќи средното образование сега е задолжително... Училишните прибори се добри, но тие треба почесто да се дистрибуираат и ако е можно, треба да вклучат облека и ранци. Многу родители сметаат дека Центарот треба да ги поддржи децата кои покажуваат посебен талент и вештини за некои дисциплини (на пр. музика, уметност итн.).“*

*(родител)*

# 2.7. ЗАПОЗНАЈТЕ ГИ РОДИТЕЛИТЕ: *ФОКУС ГРУПА СО РОДИТЕЛИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ РОМИ*[4]

Тие доаѓаат во големи групи, две или три семејства, насмеани и желни да се сретнат со другите родители. Некои од децата се на горниот кат, си играат безгрижно и малку гласно. Нивниот едукатор е на долниот кат, објаснува што се случува, ги претставува гостите и подава минерална вода. Луѓето се смеат и се шегуваат, се ракуваат, среќни што се сретнуваат со гостите, желни да почне настанот. Но треба да почекаме неколку минути...

Родителите доаѓаат сами во центрите, некогаш само за да се сретнат со социјалните работници или едукаторите на кои доволно им веруваат за да ги остават своите деца со нив по неколку часови на ден. Пред неколку години, токму едукаторите на РЕЦ ги посетува во нивните населби, од куќа до куќа, убедувајќи ги родителите да ги пратат децата на училиште. Тоа беше тешка задача, луѓето се сиромашни и очигледно имаат други приоритети: да најдат работа, да се справат со дискриминацијата итн.

*„Дома немаме простор и немаме време за домашните задачи на нашиот син. Тој веќе три години доаѓа овде (во РЕЦ) по училиште и стана одличен ученик. Често знае да дојде 15 минути пред едукаторот. Јас сум горд и благодарен.“*

Големиот сив автомобил кој застанува пред Центарот превезува 7 или 8 лица. Родители и деца, секој со сопствена задача. Родителите се вклучуваат во групата и веднаш се интегрираат во дискусиите.

*„Не толку одамна јас бев среќен што моите деца знаат како да го изнесат отпадот од дома. Сега тие знаат многу повеќе од мене која јас бев на нивна возраст. Тие се мотивирани да одат на училиште.“*

Наставниците од проектните училишта и едукаторите од РОЦ внимателно им помагаат на учениците да го планираат своето време за учење, ги советуваат како да ги завршат училишните задачи и другите активности. Нивната намера е редовно да се сретнуваат со родителите и да ги информираат за напредокот на нивните деца. *„Ова е неверојатно“*, вели еден од гласовите во групата, *„тие сега се обидуваат да ме убедат да се вклучам во (училишниот) одбор. Јас немам време за тоа, морам да најдам работа. Сега јас сум единствениот кој работи во домаќинството.“*

[4] Настанот се одржа во Куманово (РОЦ Врама си) на 20 јуни 2013 година и на него присуствуваа 12 учесници.

Сепак, вклучувањето на родителите Роми во вакви специфични училишни настани е многу попроблематична мисија бидејќи главните прашања, кои се надвор од контролата на Проектот, се лошата економска состојба на заедницата и родители што го напуштаат градот или земјата поради сезонска работа.

*„Јас сум ослободена од работите што треба да ги правам со моите деца (се смее). Тие доаѓаат овде (во РОЦ) сами, и луѓето од Центарот ги носат дома.“* Некои од родителите неволно признаа дека ги испраќаат децата во училиште со надеж дека и тие ќе можат да ги искористат можностите за стекнување клучни вештини, како што е основна писменост, што, пак, може да биде корисно за целото семејство:

*„Не се срамам да ви кажам дека сум неписмена. Моето најмало дете сега е во прво одделение и веќе знае да чита. Постарото дете се обидува да ми помогне да читам весници и писма од локалната администрација. Тој ме научи како да се потпишувам!“* Сепак, луѓето брзо научиле да го интегрираат присуството на училиштето во нивниот начин на живот, а децата го сметаат Ромскиот образовен центар за втор дом.

*„Пред 10 години (во нашето маало) имаше помалку од 5 лица кои завршиле средно училиште. Сега имаме 20 матуранти, а повеќето од нив се запишаа на факултет. Ако не се спроведуваше овој Проект, тие ќе беа на улица, да просат или можеби да крадат. Јас не сакам ниту да помислам на тоа, тоа е во минатото.“*

На родителите Роми им треба финансиска помош. Тие често го нагласуваат недостигот на: училиштен прибор, тетратки, учебници, облека, па дури и компјутери. Дел од овие потреби ги обезбедува Центарот, но луѓето сакаат повеќе: на децата им требаат компјутери за да бидат во тек со настаните низ светот, со напредокот; тие треба да бидат изнесени надвор од населбата каде живеат, да одат во зоолошка градина, на екскурзија во природа, на летен камп, во Скопје; тие треба да се сретнуваат со други деца од други етнички заедници: Македонци, Албанци, Срби. *„Сега веруваме дека ако се подготвува годишен план за 2013–2014 година, ние треба да бидеме консултирани. Центарот треба да не покани, да слушне*

*директно од нас што ни треба. Нашиот глас треба да се слушне.“*

Сепак, пред нас има уште многу работа. Некои од луѓето што се собраа во Центарот гледаат во нивните часовници, треба да заминат. Другите би сакале да останат и да продолжат да зборуваат, да ги споделат нивните искуства и да ја раскажат приказната на нивните деца: *„Постарите деца од нашата населба немаа шанса да бидат вклучени во ваков проект. Жал ми е за нив. Мислам дека Проектот треба да продолжи, и секое дете од населбата мора да биде дел од него.“*

Собирот е при крај. Луѓето застануваат до нас и споделуваат последни мисли. Тие сè уште се смеат, покажуваат самодоверба, зборуваат гласно на излегување од состанокот. Некои од нив знаат англиски јазик и искрено ни велат: „Ова е генерацијата (родителите) која немаше храброст да го крене гласот, но децата на горниот кат нема да бидат изгубената генерација. Нашите момчиња и девојчиња го имаат она што е потребно, многу повеќе од другите (Македонците и децата од другите етнички заедници).“

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## КОИ БИ БИЛЕ КЛУЧНИТЕ ИДНИ АКТИВНОСТИ И ИНТЕРВЕНЦИИ И КАКВА Е УЛОГАТА НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ВО ОВИЕ ЗАЛОЖБИ?

Главниот заклучок на овој Извештај од евалуацијата е дека Проектот за образование на Роми е непроценливо искуство преку кое се постигнати извонредни резултати и има огромен потенцијал за продолжување и за реплицирање. Проектот ги постигна поставените цели, проектните активности биле поддржани со солиден буџет и применет е соодветен приод во работата, а проектните активности опфатиле цели генерации ученици.

Ваквиот сложен и амбициозен проект нуди многу потенцијални лекции што можат да се извлечат за следната фаза и можат да обезбедат уште поголем опфат и обем, надоврзувајќи се на импресивното влијание и на одржливите резултати.

Прво, очигледно е дека Проектот за образование на Роми, развиен од страна на Фондацијата Отворено општество – Македонија, УСАИД и нивните институционални партнери, ги постигнал зацртаните цели и дава одлична основа за продолжување на неговите активности. Иако Проектот произвел одржливи промени кои нема лесно да се вратат во првобитната состојба, постојат повеќе аспекти на кои треба да се посветат дополнително внимание и поддршка.

На прв поглед, се чини дека Проектот е скап и дека е потребен долг временски период за се произведат резултати. Сепак, активностите и резултатите се покажале одлични и станале успешни искуства за сите засегнати страни. Ваквиот позитивен приод не смее да се прекине и треба да се поддржи до создавање критична маса од образовани родители Роми. Рационален и кохерентен начин за продолжување во иднина е да се вклучат повеќе наставници и повеќе деца во активностите.

Проектните настани, кои се однесуваат на професионалниот развој на наставниците и на менторите (обуки, работилници и други видови помош), ги обезбедиле потребното знаење и информации за проектните училишта. Проектот обезбедил висококвалитетни обуки за наставниците и тоа, на осетливи, но суштински теми (на пр., социјална правда, надминување на

„Јас бев песимист на почетокот на Проектот, но сега сум голем оптимист!“

(директор на основно училиште)

предрасудите итн.). Сите тие, во неколку наврати, ја нагласија потребата за натамошна поддршка.

Речиси сите лица интервјуирани од тимот за евалуација изјавија на различен начин дека Проектот треба да продолжи и дека треба да ги зголеми обемот и опфатот. Ако се стопираат проектните активности, училиштата ќе се обидат да продолжат да ги спроведуваат (целосно или делумно) овие активности во рамките на нивните буџети. Сепак, имајќи го предвид фактот дека секоја година училиштата вработуваат нови наставници, активностите треба да продолжат во согласност со истите цели и, конкретно, преку обезбедување нова серија обуки за новите наставници.

Наставниците го признаваат фактот дека Проектот пополнува голем број важни празнини и финансира спроведување активности кои се во надлежност на Владата. Исто така, тие ги нагласија важноста и придонесот на дополнителните вонучилишни активности што ги спроведуваат ромските образовни центри (за возврат, центрите бесплатно го добиваат потребниот простор за вакви активности). Сепак, според наставниците, училиштата треба да продолжат да ја играат главната улога во Проектот преку вклучување на сите засегнати страни, а овој став го дели и тимот за евалуација.

Најголемиот дел од учесниците на обуките се согласија дека реплицирањето и проширувањето (во други училишта / градови) на овие обуки се потребни во насока на консолидирање на придобивките од овој Проект од аспект на професионализмот на наставниците. Наставниците, исто така, силно веруваат дека можат да дадат придонес во организацијата на идните обуки (на пр., преку воспоставување формална рамка за соработка меѓу училиштата) и да помогнат во обезбедувањето помош на други училишта / заедници со слични потреби.

Треба да се обезбеди поддршка за покривање на ужинката за децата во основно училиште, што претставува голем трошок за многу ромски семејства. Освен тоа, треба да се побара поддршка од Владата за заштита на социјално ранливите групи. Наставниците дури предложија Министерството за образование и наука (со поддршка од НВО) да ги обезбеди ранците, училишните прибори, храната итн. за учениците Роми од сиромашни семејства. Дополнително, Проектот треба да се фокусира на идентификување на сите талентирани ученици Роми и да обезбеди дополнителен стимул за нивниот професионален (или уметнички) развој.

Сите родители Роми, кои учествуваа во фокус групите, изразија самодоверба и големи надежи

за нивната иднина. Ова може да се смета за важен показател за нивните позитивни самоперцепции, за сигурноста во нивните способности и за успехот на проектните активности.

Иако се смета дека родителите Роми имаат големо значење во образовните активности, наставниците и менторите мислат дека тие не се доволно вклучени во Проектот. Според нив, вклучувањето на родителите мора да продолжи и да се зголемува постепено бидејќи без нивната поддршка, позитивните резултати од основното образование ќе исчезнат во средното образование. Од тие причини, Проектот треба да стави посебен акцент на активностите наменети за родителите Роми, со цел да ја зголеми нивната свест за важноста и за целта на образованието, и за тоа како да им помогнат на своите деца. Последователно, училишните настани, кои вклучуваат родители Роми, треба да ги истражат (а подоцна, и да ги вклучат во својата структура) темите поврзани со овој аспект и треба да ги земат предвид нивните индивидуални и колективни проблеми.

Повеќето родители Роми нагласија дека нивната дефиниција за успех е децата да одат на училиште, да го завршат образованието и потоа да најдат работно место кое ќе им обезбедува редовни приходи. Дискусиите со родителите Роми и со учениците (нивните деца) сугерираат поголемо вклучување на корисниците / засегнатите страни во спроведувањето акции / давањето придонес во следната фаза на Проектот. Овие наоди сугерираат позитивно и поттикнувачко влијание на Проектот на ниво на заедницата.

Во контекст на задолжителното средно образование, родителите Роми сметаат дека Проектот треба да обезбеди поддршка за завршување средно училиште за децата кои имаат завршено само основно училиште.

Родителите сугерираат, а тимот за евалуација го нагласува фактот дека Проектот треба да вклучи повеќе активности на локално ниво за промоција на Ромите и за нивната интеграција во пошироката заедница.

Дополнително, претставниците на ромските образовни центри, како и наставниците од основните училишта и родителите, ги истакнаа подобрените односи меѓу ромските и неромските деца и родители (во училиштата и во заедницата) кои континуирано се подобруваат.

Менторите од средните училишта истакнаа дека Проектот треба да продолжи да се спроведува како што беше на почетокот, упатувајќи на начинот на кој ФООМ го спроведуваше Проектот за образование на Роми, за разлика

од начинот на кој се спроведува сега од страна на Министерството за образование и наука. Ова подразбира примена на истите стандарди, на пример: помалку ученици по ментор, исплата на надоместокот за наставниците, флексибилни критериуми за аплицирање, ист пакет обуки за сите ментори, воспоставување редовни и детални планови за работа со учениците. Проектните активности се одвиваат потешко откако беа преземени од страна на Министерството за образование и наука: повеќе ученици по ментор, помалку флексибилни критериуми за стипендиите, доцнење со исплатата на наставниците итн.

Дисеминацијата на проектните резултати мора да се зголеми и да се развие во јавни кампањи за образованието кои можат да доведат до промоција на инклузивното образование. Овој процес треба да биде долгорочен и стратегиски.

Според наодите од истражувањето, во последните 10 години откако се спроведуваат проектните активности, направени се многу промени на ниво на училиштата. Сепак, мора да се поттикнат дополнителни активности во училиштата кои ќе се надоврзуваат на успешните приказни и ќе се приспособат на конкретните ситуации и на барањата. Треба да се забележи дека одличното, долгорочно влијание на Проектот, заедно со конкретните резултати од самите настани, научените лекции и студиите на случаи, кои се однесуваат на активностите од училиштата, треба подобро да се усогласат со релевантните институции (министерствата, инспекторатите и другите владини тела кои се занимаваат со образовни прашања) и со тековните реформи во Македонија. Ромските образовни центри, заедно со проектните училишта, со Ромаверзитас и со другите засегнати страни во Проектот, можат активно да помогнат преку давање совети и преку мониторинг на овој процес и, во исто време, да придонесат за постигнување голем број краткорочни цели (главно поврзани со јавната политика и со законските интервенции).

Попосветената работа со сите засегнати страни вклучени во иницијативата ќе создаде дополнително влијание и позитивни резултати, што значи дека и родителите и наставниците треба да бидат вклучени во заеднички обуки за да се надмине нивната заемна недоверба и да се развие заеднички приод. Исто така, важно е да се создадат дополнителни образовни алатки за родителите и за наставниците и натаму да се јакнат капацитетите на училиштата за интеракција со заедницата.

„Образованието значи да се има избор“

(матурант)

Одржувањето и развивањето квалитетни образовни политики, вклучувајќи ги и оние кои ги промовира Проектот за образование на Роми, налагаат силни заложби и вклучување на сите засегнати страни: донатори, специјализирани НВО, владини тела и агенции, поранешни и сегашни директни корисници (ученици, родители). Во суштина, основните и средните училишта се соочуваат со исти проблеми (на национално ниво) и од идниот проект бараат приод кој се води според потребите.

Ромските образовни центри и НВО кои управуваат со нив немаат логистички и други капацитети за спроведување финансиски независни проекти или програми. Тие се потпираат во голема мера на работата со волонтери (што треба да се пофали и да се поттикне, особено ако се знае дека овие волонтери се поранешни корисници на ромските образовни центри). Сепак, тие имаат само мал број вработени и скромни услови за работа. За да произведат сигурно и одржливо влијание врз нивните целни групи (најголем дел од нив се ромските заедници или цели населби), ромските образовни центри треба да се фокусираат на зајакнување на своите капацитети од аспект на организацискиот развој и на собирање финансиски средства.

Критично ниво на зрелост е постигнато кога НВО се во можност да иницираат и да спроведуваат сопствени проекти со минимална поддршка од меѓународните донатори или од Владата.

Таков е случајот и со Проектот за образование на Роми за кој е планирано постепено да згасне во 2014 година. Постои сериозна загриженост за капацитетот на ромските образовни центри во однос на обезбедувањето континуитет и одржливост на нивните активности, освен доколку не се поддржани од ФООМ, од локалните власти и од другите донатори. Генерално, по прекинувањето на финансиската поддршка, НВО се демотивирани и губат интерес за продолжување на активностите бидејќи немаат ниту средства ниту персонал да ги спроведуваат активностите на редовна основа. Најголемиот дел од работата во оваа област се спроведува преку волонтирање. Вмрежувањето, на национално и на регионално ниво, со други НВО од Македонија или од државите кои се соочуваат со слични проблеми, на пример: Србија, Бугарија, Романија, Унгарија итн., би можело да ги обезбеди ресурсите што им требаат на организациите (и на активистите).

Освен вмрежувањето, вреден ресурс кој може да се земе предвид за да се обезбеди продолжување на активностите е големиот

„Ние сме генерацијата која ги мотивира другите. Мора да покажеме модел на добри практики.“

(студент)

број поранешни корисници на Проектот за образование на Роми кои јасно покажаа подготвеност да дадат придонес во одржливоста на Проектот, што значи дека корисниците на ПОР се мотивирани и посветени. Градењето вакви заедници на учење кои се базираат на бројните позитивни постигнувања и на способностите на Проектот може да помогне во одржувањето на посакуваното ниво на квалитет во училиштата. Дискусиите со родителите Роми и со учениците сугерираат поголемо вклучување на корисниците / засегнатите страни во преземањето акции / давањето придонес во следната фаза на Проектот.

Од тие причини, ромските образовни центри треба да бидат обучени за одржливост и треба да ги градат своите капацитети во насока на постигнување на крајната цел: финансирање од ЕУ. Постојаната соработка меѓу овие НВО и Фондацијата Отворено општество – Македонија им дава голем кредибилитет и видливост во локалната заедница. Тоа, исто така, може да им помогне да најдат идни извори на средства и можни партнери за соработка (дополнително на локалната власт и проектните училишта).

Ако резултатите од Проектот се помалку видливи во заедницата, тогаш мотивацијата и посветеноста на главните чинители во него рапидно се намалуваат. Сите училишта вклучени во активностите што резултирале во модели за добри практики треба да ги споделат придобивките од нивните одлични резултати со другите училишта. Силно се препорачува подобра промоција (во медиумите, на веб-страниците итн.) на успешните приказни на Проектот и на неговото конкретно влијание. Ваквиот приод може во голема мера да помогне во зголемувањето на јавната свест за придобивките и за долгорочните ефекти на иницијативата. Тоа би можело да биде од клучно значење за важни прашања кои се однесуваат на проектниот менаџмент, како што се мобилизација на ресурси и / или вклучување други важни чинители.

Финалниот заклучок на Извештајот е дека најголем дел од проектните резултати се постигнати на одговорен и одржлив начин, а самата Програма претставува исклучителен модел за добри практики. Практично, најголемиот дел од учесниците, поранешните и сегашните корисници, како и македонското општество, очекуваат логично продолжување и развој на проектните активности, имајќи ги предвид долгорочната посветеност и позитивниот приод на сите засегнати страни.

# КЛУЧНИ НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

Кои лекции ги научивме од постигнувањата на Проектот за образование на Роми? Ова поглавје дава преглед на заклучоците од евалуацијата врз основа на поставените цели на Проектот и се фокусира на прашањата кои се однесуваат на проектните резултати, како и на аспектите што можат да се подобрат во иднина.

Проектот за образование на Роми ги опфаќа сите нивоа на образование и применува стратегија која се покажа успешна и чие влијание се чувствува кај повеќе групи корисници.

* * *

**Оваа иницијатива покажа дека децата Роми се способни за успех на училиште, под услов да им се овозможат соодветни услови за учење и да се следи стратегискиот приод на иницијаторите на овој Проект.**

* * *

**Интервенцијата на ниво на предучилишно образование веројатно е најефективниот начин за обезбедување одржлив успех на училиште и за намалување на два големи фактори со кои се соочува ромската заедница во Македонија: сиромаштијата и маргинализацијата. Влијанието на Проектот врз родителите со ниско образование е уште едно важно прашање што треба поефективно да се решава во иднина.**

**Обуката за директорите и за наставниците е исклучително успешна и беше пофалена од сите учесници. Тоа, заедно со активностите развиени во соработка со ромските образовни центри, придонесе потребите и приоритетите на ромските деца да најдат свое место во развојните планови на училиштата за да се понуди квалитетно образование на учениците Роми, да се намали бројот на отсуства и да се подобри успехот.**

* * *

**Еден од најдобрите резултати на Проектот е тоа што децата Роми сега се носители на пораката за нивните родители во врска со позитивното влијание на образованието и покажува дека образованието функционира во двете насоки.**

* * *

**Сепак, на децата Роми им требаат возрасни кои ќе поставаат пример и од кои ќе можат да учат, па затоа, родителите треба да се охрабрат да станат реални партнери на училиштата и на ромските образовни центри, но и коедукатори во воспитувањето на своите деца. Тие треба да бидат консултирани при донесувањето одлуки за вонучилишните активности и за секојдневниот живот на училиште. Проектот стигна до точка во која родителите Роми со право тврдат дека се (и треба да бидат) членови на училишните совети (онаму каде тоа е можно) и во другите тела за донесување одлуки.**

Дискриминацијата на овие семејства во минатото довело до нивно оддалечување од главните општествени текови. Тоа го отежнува воспоставувањето односи со нив (преку училиштата, центрите во заедницата и НВО). Ваквите односи меѓу училиштата и родителите на децата Роми треба да продолжат да се градат врз доверба, врз искреност и врз заемна почит.

* * *

Мотивацијата на родителите Роми е видно зголемена кога тие (и нивните деца) се вклучени во креативни / интеркултурни работилници и директно ги чувствуваат резултатите во училиштата. Со нив многу полесно се комуницира на ваков начин, отколку тие да се поканувааат само на родителски средби.

* * *

Во регионите, како што е Куманово, главните проблеми со кои се соочуваат родителите Роми (а последователно, и нивните деца) се барањето сезонска работа и барањето азил, што резултираат со повлекување на децата од училиште, како и животот во нелегализирани населби или во гета.

Интеркултурализмот е јасно претставен како голем успех на Проектот, а комуникацијата меѓу родителите Роми и останатите родители е значително подобрена за време на проектните активности и треба да добива поддршка и важност исто како и во случајот на децата, со што постојано ќе се подобрува интеркултурната средина. На родителите од неромско етничко потекло треба да им се помогне да го зголемат знаењето за историјата и за традицијата на Ромите.

* * *

Проектот за образование на Ромите успешно ги постигнал поставените цели. Резултатите на децата од предучилишна и од училишна возраст се многу позитивни и покажуваат дека ромските образовни центри одиграле суштинска улога во успехот на двете групи. Со текот на времето, нивната улога се зајакнала и денес тие дејствуваат како центри во заедницата и уживаат углед меѓу ранливите групи на кои им помагаат.

Медиумите треба да се користат како партнер за промоција на резултатите и на влијанието на Проектот (а во следните години, оваа соработка треба да се прошири). Широката дисеминација на резултатите од Проектот (и последователните успеси) треба да резултира во долгорочни кампањи за зголемување на јавната свест (по можност, овие кампањи треба да се развиваат на локално ниво) кои можат да имаат многу поголемо влијание: промоција на недискриминацијата и на инклузивното образование.

* * *

Во исто време, училиштата -партнери во Проектот (вклучени во активности кои резултирале во модели на добри практики) треба да ги споделат придобивките од нивните одлични резултати со другите училишта и со локалните власти. Тие веќе го прават тоа, но на неформален начин.

* * *

Учеството на локалните власти, владините агенции и други НВО и нивното идно вклучување и придонес во напредокот на Проектот го зголемуваат влијанието на иницијативата.

Потребно е поголемо вклучување на локалните и централните власти за да се влијае на ниво на јавната политика. Во овој момент, примарните засегнати страни во Проектот се помалку свесни за можните промени на ниво на донесување одлуки.

* * *

ФООМ треба да развие и да поддржи стратегии и опции за финансирање во насока на продолжување на ваквите иницијативи. Потребни се конкретни национални и регионални мрежи кои можат да ја олеснат соработката (наставници, родители, ученици).

* * *

Како што ни беше сугерирано од повеќето засегнати страни во Проектот, дополнителни образовни алатки за родителите и за наставниците, кои заеднички ќе ги развијат училиштата и ромските образовни центри, ќе го зголемат капацитетот на училиштата за интеракција со заедницата.